Република Северна Македонија
Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство
Бр. 04-4099/25
05.05.2021 год.
Скопје

Република Северна Македонија
**Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Bujqësisë, Pylltarisë dhe Ekonomisë së Ujërave**

____________, 2021

АРХИВСКИ БРОЈ: 04-4099/

Врз основа на Член 23 став (4) од Законот за работни односи („Службен весник на РМ„ бр. 62/2005, 106/2008, 161/2008, 114/2009, 130/2009, 149/2009, 50/2010, 52/2010, 124/2010, 47/2011, 11/2012, 39/2012, 13/2013, 25/2013, 170/2013, 187/2013, 113/2014, 20/2015, 33/2015, 72/2015, 129/2015, 27/2016, 120/2018 и „Службен весник на РСМ„ бр. 110/2019 и 267/2020) Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

# ОДЛУКА

**за избор на 1 извршител на определено време за работно место Самостоен референт за административни работи во Одделение за маркетинг на земјоделски производи - Сектор за маркетинг и квалитет на земјоделски производи**

1. За работното место Самостоен референт за административни работи во Одделение за маркетинг на земјоделски производи - Сектор за маркетинг и квалитет на земјоделски производи при Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство се избира кандидатот **МИЧО ТОДОРОВ**.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Комисијата за спроведување на процесот на селекција на кандидати за засновање на работен однос на определено време до 31.12.2021 година по јавен оглас број 01/2021 формирана со Решение број 04-4099/2 од 16.04.2021 година донесено од министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, по Јавниот оглас за вработување на определено време број 01/2021 објавен на 14.04.2021 година во дневните весници Слободен Печат и Коха за работното место број 20 од огласот спроведе селекција за избор на кандидат за наведеното работно место.

Комисијата за спроведување на процесот на селекција на кандидати за засновање на работен однос на определено време изготви Записник од извршена селекција од Јавен оглас за вработување на определено време број 01/2021 и Предлог-одлука за избор на кандидати број 04-4099/3 од 27.04.2021 година во кој е содржана ранг листа на кандидати, врз основа на што Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство изврши избор како во диспозитивот на оваа одлука.

МИНИСТЕР

Arjanit Hoxha

**ДОСТАВЕНО ДО:**

- Именованиот
- Сектор за човечки ресурси
- Сектор за финансиски прашања
- Агенција за вработување